Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 03-401/1
04. 06. 2024 год.
ВЕВЧАНИ

Согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики, Општината Вевчани распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР (ИО) ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ**

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Локалниот младински совет (ЛМС или Совет/от).

Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и тие членови имаат единствена функција да го формираат Локалното собрание за млади. Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото (конститутивното) Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на ИО се координира и помага од службеникот/ката за млади во Општината.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

- Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС,

- Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,

- Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното Локално собрание за млади.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

**** Потребни документи:

- Писмо за намера за учество во Иницијативен одбор

- Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации,

Начин на пријавување:

Email: contact@vevcani.gov.mk

Адреса: Општина Вевчани, 6335 Вевчани

Рок за пријавување: 5 работни дена од денот на објавување на веб страната на општина Вевчани www.vevcani.gov.mk

Службеник за млади лица: Менка Кукоска

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Република Северна Македонија * Општина Вевчани *